Врз основа на член 11, став 1, алинеја 6 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/13, бр. 41/14, бр. 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 124/19), Правилникот за начинот на остварување меѓународна соработка, спроведување консултантски услуги и обуки и за начинот на распределба и користење на приходите („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/13) и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на остварување на меѓународна соработка, спроведување на консултантски услуги и обуки и за начинот на распределбата и користењето на приходите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 8/20), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесува:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА
# ОБУКИ ОД ОБЛАСТА НА ГЕОДЕТСКИТЕ И ПРАВНИТЕ РАБОТИ ЗА 2021 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст Агенцијата) покрај надзорот на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи организира и обука од областа на геодетските и правните работи. Агенцијата може да врши консултантски услуги и да спроведува обуки во земјава и во странство, и тоа за работи од областа на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижности и за геодетски и информатички работи заради формирање, управување, унапредување и технички развој на ГКИС.

Заради успешната имплементација на прописите, Агенцијата ја подготви Годишната програма за обуки од областа на геодетските и правните работи за 2021 година (во натамошниот текст: Годишна програма) во која се опфатени клучните теми од областа на геодезијата, законската регулатива, запознавањето со новите електронски системи и услуги од областа на геодетско-катастарскиот информациски систем (ГКИС) и друго.

Годишната програма е изработена врз основа на претходно стекнатото искуство од одржаните обуки во текот на 2020 година и извршениот надзор над работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, како и од индивидуалните потреби за обуки од страна на професионалните корисници и има цел зголемување и унапредување на специфичните знаења и вештини на овластените геодети и на професионалните корисници.

Оваа годишна програма исто така се изготви во соработка со Комората на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи и во неа се вметнати предлозите кои беа доставени од нивна страна.

Годишната програма е наменета и за другите професионални корисници кои ги користат услугите и производите на Агенцијата.

Тргнувајќи од определбите на Владата на Република Северна Македонија за поголема поддршка на домашните компании и сектори и создавање на осмислени, практични и остварливи мерки за поддршка на домашниот бизнис-сектор, како и земајќи ги предвид препораките за заштита од вирусот COVID-19, Агенцијата излезе во пресрет и создаде услови обуките кои се предвидени согласно со Годишната програма да се одржуваат онлајн, односно без физичко присуство.

Согласно со Одлуката за висината на надоместоците поврзани со постапките за овластување за овластен геодет и спроведување на обуки со арх.бр. 0202-11774/1 од 22.09.2020 донесена од страна на Управниот одбор на Агенцијата, слушателите на обуките ќе бидат ослободени од паричен надоместок.

Оваа годишна програма ќе се објави на веб-страницата на Агенцијата (www.katastar.gov.mk) и ќе се применува од јануари 2021 година.

## 2. ВИДОВИ ОБУКИ И ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Заради задоволување на потребите од обуки на овластените геодети и на другите професионални корисници, Агенцијата обезбеди услови да се реализираат следниве видови обуки:

1. Обуки согласно со Годишната програма

2. Посебни обуки по барање на професионалните корисници и другите заинтересирани субјекти
3. Обуки за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет
4. Индивидуални обуки

**Обуки согласно со Годишната програма за обуки од областа на геодетските и правните работи за 2021 година**

I. Со Годишната програма се предвидуваат обуки кои на професионалните корисници им обезбедуваат основни познавања од областа на законската регулатива која има влијание врз катастарот на недвижности, и тоа: Закон за катастар на недвижности, Закон за градење, Закон за експропријација, Закон за земјоделско земјиште, Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, Закон за постапување со бесправно изградени објекти, Закон за градежно земјиште, Закон за просторно и урбанистичко планирање и други. Обуките се организирани во модули, и тоа:

- **Модул 1**: Закон за просторно и урбанистичко планирање
- **Модул 2**: Закон за градење и Закон за постапување со бесправно изградени објекти
- **Модул 3**: Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост и Закон за градежно земјиште
- **Модул 4**: Закон за експропријација, Закон за консолидација на земјоделско земјиште

II. Во Годишната програма се предвидени обуки во кои се разработуваат специфични теми со цел унапредување на знаењата и вештините на овластените геодети во извршување на секојдневните работи.

- **Модул 1:** Новини во Законот за катастар на недвижности и подзаконските акти
- **Модул 2**: Катастарски планови со посебен осврт на изработка на геодетските елаборати
- **Модул 3**: Планови на инфраструктурни објекти со посебен осврт на изработка на геодетските елаборати
- **Модул 4**: Геодетски работи за посебни намени
- **Модул 5**: НИПП
- **Модул 6**: Редизајн и реинженеринг на системот е-кат
- **Модул 7**: ЛИДАР
- **Модул 8**: МАКПОС

**Табеларен приказ на обуки за овластените геодети**

| **Тема на обуката** | **Квартал** | **Целна група** | **Место на одржување** | **Обучувачи/ Презентери** |
|---|---|---|---|---|
| Инфраструктура – дополнителна обука за инфраструктура со акцент на измените и дополненијата на законските и подзаконските акти | Q1 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Новини во Законот за катастар на недвижности и новини во подзаконските акти | Q1 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Катастарски планови со посебен осврт на изработка на геодетските елаборати | Q2 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Обука за Правилникот за премер на недвижности и Правилникот за геодетски работи за посебни намени | Q2 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Презентација на новиот НИПП-геопортал | Q2 | Професионални корисници – трговците поединци овластени | Скопје | Внатрешни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | геодети | | |
| Катастар на инфраструктурни објекти со посебен осврт на изработка на геодетските елаборати | Q3 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Геодетски работи за посебни намени со утврдена фактичка состојба на идна градба во постапка на извршување имот опишан во лист за предбележување | Q3 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Редизајн и реинженеринг на системот е-кат | Q4 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| ЛИДАР – Втора фаза | Q4 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| МАКПОС | Q4 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Обука за користење на веб-сервиси за податоците објавени на НИПП-геопорталот | Q4 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |

Агенцијата му издава сертификат за посетена обука на овластениот геодет доколку на годишно ниво се стекнал со минимум 10 бодови континуирана обука, согласно со Годишната програма донесена од Управниот одбор на АКН.

III. Под посебни обуки се подразбираат посебно структурирани обуки според специфичните барања на коморите на професионалните корисници, при што се разработуваат одредени посложени прашања од областа на геодезијата, правото и сл. поврзани со нивното работење, како и трендови во областа на геодезијата, правото и сл.

- **Модул 1**: Основни геодетски работи
- **Модул 2**: Катастар на инфраструктурни објекти
- **Модул 3**: Електронски катастар, електронски шалтер
- **Модул 4**: Графички регистар за улици и куќни броеви
- **Модул 5**: Редизајн и реинженеринг на системот е-кат

### 2.1. Посебни обуки по барање на професионалните корисници и другите заинтересирани субјекти

Агенцијата обезбедува обуки во својство на обучувач за професионалните корисници и другите заинтересирани субјекти од земјава и од странство кои се организирани од нивна страна.

За организирање на обуката, заинтересираните субјекти поднесуваат барање во кое се наведува темата на обуката.

Агенцијата ги спроведува обуките на начин што склучува договор за спроведување обуки, со кој се регулираат видот и модулот на обуката, времетраењето на обуката и висината на надоместокот за спроведување.

Земајќи ја предвид законската обврска на судовите, министерствата, органите на државната управа, извршителите и сите други субјекти со пренесени јавни овластувања по електронски пат да се поврзат со Агенцијата, и во текот на 2021 година во континуитет ќе се спроведуваат обуки од надлежност на Агенцијата по претходно поднесено барање на корисниците. Начинот на соработка и спроведување на обуките Агенцијата и во иднина ќе го регулира преку потпишување меморандуми за соработка со соодветните институции.

**Табеларен приказ на посебни обуки по барање на професионалните корисници и другите заинтересирани субјекти**

| **Тема на обуката** | **Квартал** | **Целна група** | **Место на одржување** | **Обучувачи/ Презентери** |
|---|---|---|---|---|
| Новини во Законот за катастар на недвижности и новини во подзаконските акти | Q1 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Обуки за е-кат во функција на електронска комуникација со АКМИС-системот за потребите на правосудните органи | Q1 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Презентација на новиот НИПП-геопортал | Q2 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Обука на вработените во општините и Градот Скопје, за начинот на потврдување на теренски прибраните податоци за улици и куќни броеви во функција на воспоставување на Адресниот регистар за секое населено место поединечно | Q4 | Професионални корисници – Град Скопје и општини на територија на РСМ | Скопје | Внатрешни |
| Обука за користење на веб-сервиси за податоците објавени на НИПП-геопорталот | Q4 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |
| Редизајн и реинженеринг на системот е-кат | Q4 | Професионални корисници – трговците поединци овластени геодети | Скопје | Внатрешни |

### 2.2. Обуки за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет

За овластениот геодет кој поднел барање за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет, Агенцијата организира и спроведува обука.

Обуката за престанок на мирувањето за овластување за овластен геодет е содржина во која се сублимирани сите обуки согласно со годишните програми и Регистарот на реализирани обуки на кои не присуствувал овластениот геодет за време на мирувањето на овластувањето.

### 2.3. Индивидуални обуки

Индивидуалните обуки се обуки кои Агенцијата ги организира на тема што ја избира професионалниот корисник (овластен геодет, нотар, адвокат, извршител, итн.) од Каталогот на обуки.

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Наведените активности од Годишната програма ќе се финансираат од средства на Агенцијата обезбедени од сметката за самофинансирање, односно од Програма 20 - Катастар на недвижности и Програма К2 - Стручно оспособување и усовршување.

**бр. __________, 2020 год.**
**Скопје**

**Претседател на**
**Управен одбор**

**____________________**
**м-р Ирма Мандева, с.р.**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

КАТАСТАР

# КАТАЛОГ НА ОБУКИ

од областа на геодетските и правните работи
за професионалните корисници
за 2021 година

| Тема на обуката | Квартал | Целна група | Место на одржување | Обучувачи/ Презентери |
|---|---|---|---|---|
| Дисциплина на цртање – упатство за внесување | Q1 | Професионални корисници - планер | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Катастар на недвижности | Q1 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Новини во законските и подзаконските акти | Q1 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Електронски катастар, електронски шалтер | Q1 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Обуки за АКМИС-системот | Q1 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Премер | Q2 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Обуки за Правилникот за премер на недвижности и Правилникот за геодетски работи за посебни намени | Q2 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Презентација на новиот НИПП-геопортал | Q2 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Закон за катастар на недвижности | Q2 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Тополошка контрола на урбанистички план со користење на Графичкиот регистар на градежно земјиште – видови грешки направени од страна на планер | Q2 | Професионални корисници - планер | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Електронски катастар, електронски шалтер | Q2 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Картографија | Q2 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Подзаконски акти | Q3 | Професионални корисници | Скопје | Внатрешни |
| Корисничко упатство за улогата планер | Q3 | Професионални корисници - планер | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Електронски катастар, електронски шалтер | Q3 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Графички регистар за градежно земјиште | Q3 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Корисничко упатство за улогата на општината – користење Графички регистар на градежно земјиште, контрола на општи и посебни услови, работа по фази | Q4 | Професионални корисници - општини | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Графички регистар за улици и куќни броеви | Q4 | Професионални корисници - општини | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Електронски катастар, електронски шалтер | Q4 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Обука за користење на веб-сервиси за податоците објавени на НИПП-геопорталот | Q4 | Професионални корисници | Скопје | Надворешни и внатрешни |
| Обука на вработените во општините и Градот Скопје, за начинот на потврдување на теренски прибраните податоци за улици и куќни броеви во функција на воспоставување на Адресниот регистар за секое населено место поединечно | Q4 | Професионални корисници – Град Скопје и општини на територија на РСМ | Скопје | Внатрешни |

Заинтересираните професионални корисници потребно е да поднесат барање во писмена форма со кое ќе ја определат/изберат темата од Каталогот. Агенцијата со допис повратно ќе ги информира заинтересираните корисници за терминот на одржување на обуката. По доставување на известувањето учесниците ќе можат да се пријават за учество на обуката.